Работниот состанок беше имплементиран успешно со учество на претставници од трите корисници на проектот меѓу кои како партнер 2 е и општина Неготино.Членовите на проектните тимови на корисниците извршија презентација на структурата на проектот, ги образложија детално активностите кои се дел од проектот,фазата на имплементација и методологијата за заедничките активности. Најважните точки на проектната средба беа: 1. Конституирање на ,, steering committee-одлучувачки комитет на проектот”и презентирање на нивната одговорност.2. Важноста од постигнување на поставените индикатори беше нагласена од стана на Водечкиот партнер. 3. Целите кои треба да бидат постигнати од страна на партнерите во првите 6 месеци. 4. Детали за развојот на веб страна и комуникацискиот пакет беше презентиран од страна на водечкиот партнер. Корисниците на проектот исто така се согласија да доставуваат фотографии со висок квалитет за секоја објава која е поврзана со проектот. Се разговараше и за датумот на одржување на следната работна средба. Градоначалникот на општина Неготино г. Горан Стојанов исто така оствари средба со градоначалникот на општина Пела, Григориос Стамкос, на која беа разменети искуства и искажано задоволство од меѓусебната соработка во однос на досега резлизираните проекти како и за проектот ,,wine-up”со искрена надеж за продолжување на соработката и на други идни проекти.



